У-5.бр.1029/2021
У-5.бр.1030/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Билјана Никодиновска Петровска- како судија поединец, со записничар Марко Таневски - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги „БАДЕВ“ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, поднесена преку полномошник Гоце Ситникоски адвокат од Скопје, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-585/6 од 02.06.2021 година, за јавни набавки, на јавната седница на советот одржана на 03.11.2021 година, ја донесе, а на 10.11.2021 година јавно ја објави следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги „БАДЕВ“ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, поднесена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-585/6 од 02.06.2021 година, како и Барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги „БАДЕВ“ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци за времена мерка со која бара одложување од извршување на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-585/6 од 02.06.2021 година ,до правосилно завршување на поведениот управен спор СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

II

Барањето на полномошникот на тужителот, за надомест на тошоци во постапката СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, жалбата на жалителот „Каре Комерц“ ДООЕЛ - Кавадарци, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 19.08.2021 година, донесена по Огласот за јавна набавка со постапка со отворена постапка бр.12405/2021 за набавка на стоки – месо и риба, основни прехранбени производи, брашно и тестенини, конзервиран зеленчук и овошје на договорниот орган ЈОУДГ – Детска градинка „Рада Поцева“ – Кавадарци, се усвојува. Се поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач од 19.08.2021 година и постапката со отворена постапка бр.12405/2021 за набавка на стоки – месо и риба, основни прехранбени производи, брашно и тестенини, конзервиран зеленчук и овошје на договорниот орган ЈОУДГ – Детска градинка „Рада Поцева“ – Кавадарци и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување. Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 6.170,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава. Сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија. Договорниот орган е должен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и

одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведува дека тужениот орган не навел по кој законски основ и по која одредба од ЗЈН бара во Уверението да пишува – Учество на тендер. Имено, бараното Уверение како документ кој бил потребен за докажување на способноста на тужителот, истиот бил навреме поднесен како и сите други документи. Имено, тужителот наведува дека останатите документи што се барале за докажување на личната состојба согласно Законот за јавните набавки, а како потврди ги издава Централниот регистар на РСМ и во истите не стои никаква намена или цел за кои се издаваат. Понатака, тужителот наведува дека тужениот орган погрешно го применил законот кога го прифатил за основан жалбениот навод според кој Изјавата била изготвена спротивно на член 88 став 1 од Законот за јавните набавки и дал погрешни напаствија на договорниот орган при што бил толкуван и погрешно применет член 109 став 2 од погоренаведениот закон. Имено, во делот кај Изјавата по член 88, тужениот орган погрешно утврдил дека понудата е неприфатлива од причина шот истата требала да даде укажување на Комисијата за јавни набавки на договорниот орган дека треба да постапи согласно член 109 став 2 од ЗЈН, односно Комисијата за јавни набавки на договорниот орган при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, но може да побара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Имено, Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања и дополнувања. Од погоренаведените причини предложи тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи. Со тужбата тужителот истакна посебно барање за донесување времена мерка, заведено под У5.бр.1029/21, во кое тужителот бара да се одложи од извршување на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-585/6 од 02.06.2021 година ,до правосилно завршување на поведениот управен спор, од причина што смета дека истата е неосновано донесена на незаконски начин така што со извршувањето на ова Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-585/6 од 02.06.2021 година на истиот би му се нанела штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес Предложи Судот да донесе решение за времена мерка, со кое ќе се одложи извршувањето на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-585/6 од 02.06.2021 година до правосилно завршување на поведениот управен спор,

Судот на ден 03.11.2021 година закажа и одржа јавната расправа во присуство на тужителот и на полномошникот на тужениот,а во отсуство на заинтересираното лице кое уредно повикано не присуствуваше на закажаната јавна расправа, согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната расправа полномошникот на тужителот остана во целост кон тужбата и наводите сите докази кои што се приложени, со предлог истата да се уважи, а по однос на времена мерка предложи да усвои барањето за донесување онака како што е наведено во предлогот.Истиот сакаше да допони од тендреската документација за отворена постапка бр.05-115/2 од 26.03.2021 година на договрниот орган во точка 2.2.2. се бара економксиот оператор да достави потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран во 2.2.4 се појаснува дека РСМнадлежен орган за издавањена оваа потврда е УЈП и во точка 2.2.7 документит не смеат да бидат постариод 6 месеци сметано од крајниот рок за доставување понуди наназад, бидејќи тужителот е економски оператор регистран во РСМ истиот доставил Уверение издадено од УЈП која сите свои надлежности ги црпи и се одредени по Законот за УЈП. Ниту во тендерската документација ниту во ЗЈН не се барала назнака намена

напотврдите и уверенијата. Ова од причина што не постои таква одредба во Законот ниту пак договорниот орган нагласил дека бара нешто што е надвор од законските одредби. Вака донесеното уверение не претставува причина за исклучување од постапката ниту според член 88 ниту поред член 95 од ЗЈН ниту согласно тендерската документациај од договорниот орган.

Претставникот на туженниот орган изјави дека останува во се како во наводите во одговор на тужбата и истакна дека тужителот бил должен д ја достави својата понуда согласно барањата дефинирани во тендерската докумнетација. Сето тоа што изјавил сега тужителот на оваа јавна распатава за кои смета дека во одрдени точки во тендреската документација биле наведени барања кои не се регулирани во Законот за јавни набавки, истиот бил должен да ги истакне во текот на жалбената постапка по објавување на содржината на тендерската документација, односно пред отварање на понудитеод причини што овој туќбен навод кој сега го истакнува тужителот во подоцнежната постапка согласно ЗЈН, не е дозволено. Исто така по однос на наводите од времената мерка изјави истата да биде одбиена како неоснована од причини што тужителот во ниту еден случај не докажал дека се исполнети условите за донесување на времена мерка.Предложи и тужбата и времената мерка да се одбијат како неосновани

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази:

Се чита тужбата со предлог за времена мерка, Решението на Државната комисја бр.09-585/6 од 02.06.2021 година, одговорот на одговор на тужба од страна на полномошникот на тужителот, се изведува како доказ одлуката за избор за најповолна понуда од 14.05.2021 година, Уверение за платени даноци и придонеси од 18.12.2020 година, издадено од УЈП, Регионалда дирекција Прилеп за тужителот, Пакет информации за Јавни набавки од Централен регистар 17.12.2020 година и Потврда за стечајна постапка, Изјава од тужителот од 05.05.0221 година, со која е потврдено дека во последните 5 години не е изречена правосилна пресуда, како и целокупната тендерска документација со електронскиот систем на ЕСЈН.

Судот ја разгледа тужбата, списите приложени кон неа, барањето за донесување на времена мерка, и најде

Тужбата и барањето за времена мерка се неосновани

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.05746/2021 за набавка на стоки - месо и риба, основни прехранбени производи, брашно и тестенини, конзервиран зеленчук и овошје, за што претходно била донесена Одлука за јавна нбавка од 06.04.2021 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки на 06.04.2021 година и во Службен весник на РСМ, како делива на 5 дела. Договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават документ за регистрирана дејност и Изјава за сериозност на понудата.

Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 06.05.2021 година пристигнале вкупно 4 (четири) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 06.05.2021 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на

понудите и Извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавни набавки ги поканила на е-аукција за соодветните делови на набавката. Имено, по спроведувањето на е-аукциите за двата дела на набавката,а врз основа на Извештаите од текот на е-аукциите, како и врз основа на Извештајот од спроведената постапка од 14.05.2021 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда за дел 1 и 5 да биде избрана понудата на економскиот оператор "БАДЕВ" ДООЕЛ – Кавадарци, за дел 2 и 3 да биде избрана понудата на економскиот оператор „ДАУТИ КОМЕРЦ" АД Сарај, каде што ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда од 14.05.2021 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда од 14.05.2021 година за дел 1, жалба до тужениот орган поднесе економскиот оператор „Каре Комерц" ДООЕЛ – Кавадарци. Во жалбата жалителот навел дека имал поднесено понуда за предметната набавка за дел 1, Месо, производи од месо и риба и дека понудата на избраниот понудувач не ги исполнувала во целост барањата од тендерската документација. Имено, Уверението за платени даноци и придонеси од 18.12.2020 година не било издадено за учество на тендер, туку било издадено за Регулирање прав за аплицирање на кредит од Развојна Банка на Северна Македонија. Потоа, Изјавата по член 88 став 1 била изготвена по стариот закон што било спротивно на одредбите од Законот за јавните набавки. Овластувањето за потпишување на лицето Јасминка Попова од формално правен аспект не било исправно бидејќи истотот требало да го издаде Управителот на „Бадев" ДООЕЛ – Кавадарци и го овластувал лицето Јасминка Попова што било спротивно бидејќи само одговорното лице/управителот можело да овласти лице од правниот субјкет кој ќе ги потпишува документите кои произлегуваат од постапката за учество на тендер. Потоа, во тендерската документација во точка 2.3.1 Способност за вршење на професионална дејност, поточно во точка 2.3.1.2 Економскиот оператот требало да достави за дел 1 Решение од Агенцијата за храна и ветеринарство за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло и за ставка 3 од делот 1 понудувачот имал обврска да достави договор за деловна соработка со одобрен објект-кланица. Имено, договорот кој бил доставен со ДИРОКО ДООЕЛ – Кавадарци од формален правен аспект не бил исправен. Имено, договорт не содржел архивски број од давателот на услугите ДИРОКО ДООЕЛ – Кавадарци. Во член 1 од договорот биле утврдени правата и обврските на двете страни и тоа снабдување, пласман и продажба на прозиводите. Имено, во ниту еден случај во договорот на точен и прецизен наќин не стоело дека давателот на услугите ДИРОКО ДООЕЛ – Кавадарци бил одобрен објект Кланица и дека ќе ги вршел услугите потребни на барателот.

Во одговорот на жалбата договорниот орган утврдил дека се основани жалбените наводи односно документите на избраниот најповолен понудувач биле уредни и прифатени со тоа што избраниот уредно имал платено даноци и придонеси согласно Законот и истиот документ не бил постар од шест месеци, а бил издаден од страна на Управата за јавни приходи, а управата согласно член 4 став 17 од Законот за управата за јавни приходи го издал ова уверение. Имено, овластувањето уредно било потпишано од страна на управителот на избраниот најповолен понудувач Ѓуре Бадев своерачно и со електронски потпис од лицето Јасминка Попова од Кавадарци, овластена да ги потпишува електронски со нејзин електронски потпис. Понатака, во однос на наводите од жалбата за спорноста на договорот за меѓусебна соработка на БАДЕВ ДООЕЛ и ДИРОКО ДООЕЛ – Кавадарци, договорниот орган наведува дека согласно уредбата за канцелариско и архивско работење, фирмите кои биле со помалку вработени од законскиот не биле задолжени да водат деводна книг, а во прилог бил доставен и анекс на договорот кој што ДРИСКО ДООЕЛ го имал склучено со ЗЗ ЕДИНСТВО од с.Челопек, со кој договор се докажувало дека истиот се

снабдувал со свежи свинско и јунешко месо од кланица, согласно барањата според горе наведеното и издадените решенија од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, каде што Комисијата ја имала прифатено понудата на БАДЕВ ДООЕЛ како уредна и истата го повикала на е-аукција. Согласно наведеното, договорниот орган побарал да жалбата се одбие поради неоснованост.

Тужениот орган - Државната комисија постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во ЕСЈН за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврдила дека жалбата на жалителот „Каре Комерц“ ДООЕЛ - Кавадарци е основана, по што го донела сега оспореното решение бр.09-585/6 од 02.06.2021 година.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но при тоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се до обезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно член 3 од истиот закон, начела на кои се темелат јавните набавка (1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. Согласно став 2, при спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Согласно член 81 од истиот закон, Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. Согласно став 2, тендерската документација, во зависност од видот на

постапката, особено содржи: општи информации во врска со договорниот орган, упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка. Согласно став 3, по исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки од мала вредност само краток опис на предметот на набавка. Согласно став 4, договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 5, договорниот орган може, во роковите од ставот (6) на овој член, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација. Согласно став 6, одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената отворена постапка и два дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 7, договорниот орган може да одреди во тендерската документација дали ќе бара пренос на правата од интелектуална сопственост

Согласно член 88 од истиот закон, Причини за исклучување од постапката, договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член науправниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик: учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе. Согласно став 2, Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор: кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа; кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација; на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство; на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност; на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган. Согласно став 3, Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени

негативни референци од членот 101 став (13) од овој закон. Согласно став 4, договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите кога условот за исклучување ќе го наведе во тендерската документација:а) доколку договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка; б) доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган; в) доколку економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

Согласно член 109 став 1 од истиот Закон, кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. Согласно став 2 од истиот член, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. Согласно став 3 од истиот член, бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. Согласно став 4 од истиот член, никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. Согласно став 6 од истиот член, неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Согласно став 7 од истиот член, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно член 141 став 1 и став 2 точка 3 од истиот закон, во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член. Согласно став 2, Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: кандидатот или понудувачот морал да биде исклучен од постапката за јавна набавка бидејќи постојат причини за негово исклучување.

Согласно член 166 став 7 од истиот закон, во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка и правна состојба по предметот, Управниот суд цени дека во конкретниот случај, тужениот орган правилно постапил уважувајќи ја жалбата на жалителот „Каре Комерц“ ДООЕЛ – Кавадарци дека Уверението за платени даноци и придонеси од 18.12.2020 година што го доставил понудувачот односно сега тужителот Друштво за производство, трговија и услуги „БАДЕВ“ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, не било издадено за учество на тендер, бидејќи истото било издадено за Регулирање право за аплицирање на кредит од Развојна Банка на Северна Македонија каде што станува збор за сосема различни постапи, а предметниот документ бил потребен за докажување на способноста на понудувачот

односно дека не постојат причини за исклучување. Понатака, тужителот Друштво за производство, трговија и услуги „БАДЕВ“ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци постапил спротивно на член 88 став 1 од Законот за јавната набавка, кога ја доставил Изјавата од причина што истата не ги содржела битните елементи согласно член 88 став 1 од Законот за јавните набавки односно понудата на избраниот понудувач во конкретниот случај тужителот за дел 1 и истиот учесник во постапката за останатите делови била неприфатлива односно договорниот орган во тој случај истата да ја исклучи од постапката за јавна набавка, што е спротивно на член 141 став 1 и 2, точка 3 од истиот закон, каде што кандидатот или понудувачот морал да биде исклучен од постапката за јавна набавка бидејќи постојат причини за негово исклучување.

Судот ги ценеше тужбените наводи при утврдувањето на фактичката состојба, но истите ги оцени како ирелевантни по однос на конечната одлука по овој предмет.При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот смета дека оспореното решение е законито.

Согласно член 29 став 4 од Законот за управните спорови, („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 , 150/2010 и бр.96/2019), тужбата по правило не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена.

Согласно став 5 од истиот член, по барање на тужителот, Судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесување на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која што тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Согласно член 29 став 6 од истиот закон, Тужителот поради причините од став 5 на овој член може да бара и донесување на времени мерки за времено регулирање на сосотојбата во врска со спорниот однос доколку се докаже веројатноста за таквата потреба, особено во постојаните правни односи.

Во смисла на цитираната одредба, одлагање на извршувањето на управниот акт против кој е поведен управниот спор може да се допушти само на барање на тужителот. За да се одлучи по барањето и истото да се уважи, треба да се исполнат следните претпоставки: со управниот акт на странката - тужителот да му било утврдено наредбена обврска која во моментот на поведувањето на управниот спор не е извршен; да тужителот во рок го повел управниот спор против управниот акт што е во идентична врска со управниот акт кој е предмет на управниот спор; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би се поправила; да одлагањето на управниот акт не е спротивно на јавниот интерес ниту со одлагањето на извршувањето би му се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна, ако постои. Сите овие претпоставки мораат кумулативно да бидат исполнети. За да може да се постапи и да му биде усвоено барањето на тужителот за одлагање на извршувањето на управниот акт до завршувањето на управниот спор.

За донесување на времена мерка за одлагање на извршување, потребно е кумулативно да бидат исполнети условите предвидени во член 29 став 5 и 6 од Законот за управните спорови, односно извршувањето на тужителот би му нанело штета која тешко може да се исправи, одлагањето не се противи на јавниот интерес и со одлагањето би се нанело поголема ненадоместлива штета на спротивната страна.

При донесувањето на одлуката Судот ги ценеше наводите во барањето за донесување на времена мерка во кои што тужителот истакнува дека оспорениот управен акт е незаконит, а со одлагањето на извршувањето на истото, би настанала штета која тешко би можела да се поправи, одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес,. Ваквите наводи Судот ги ценеше, меѓутоа најде дека истите не се од влијание за поинакво одлучување, затоа што тужителот со ништо не стори веројатно дека со извршувањето на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-585/6 од 02.06.2021 година чие одлагање го бара, му се нанесува штета, која тешко би можела да се поправи, не докажа дека одлагањето на извршувањето на решението, не му е спротивно на јавниот интерес, ниту докажа дека со одлагањето на истото, ќе му се нанесе поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, ниту пак достави доказ со кој би ја докажал штета која би можел да је претрпи чие одлагање го бара, поради што Судот најде дека не се исполнети кумулативно законските претпоставки од член 29 став 5 и 6 од Законот за управните спорови, па одлучи како во изреката на ова решение.

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, по приложен трошковник во вкупен износ од 20.500,00 денари, како и за такса за одлука во износ од 800 денари, Судот го одби како неосновано, согласно одредбите од членот 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ 96/2019), согласно кои одредби, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката и одлучи како под II од изреката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 03.11.2021 година под У-5.бр.1029/2021,У5.бр1030/21

Записничар – судски соработник
Марко Таневски

Судија
Билјана Никодиновска Петровска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител преку полномошник Гоце Ситникоски адвокат од Скопје
- тужен орган
- заинтересирано лице

Судија
Билјана Никодиновска Петровска

ВТ/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник